Бр. 0102-34
29.01. 2021 год.
ВЕЛЕС

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт

(Име на проектот)

Велес, 29.01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-40/1 од 19.06.2020 година |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија |
| Наслов на проектот | Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Зоран Јанкуловски |
| Проектен менаџер | Зоран Јанкуловски |
| Телефон и е-пошта за контакт | ++38943230623, zfrlsjpv@t.mk |
| Цел на проектот | Анализа на влијанието на уредбите со законска сила кои се однесуваат на финансирањето на ЕЛС и поддршка на работењето на ЕЛС и други заинтересирани страни, со посебен осврт на борба против корупцијата |
| Целна група | Проектот е насочен кон сите 81 ЕЛС од РСМ. Индиректно, помош ќе имаат граѓаните од РСМ и деловните субјекти. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Проектната канцеларија е лоцирана во Велес, во просториите на Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија. Експертите кои беа ангажирани најголем дел од времето работеа од дома Целното подрачје на активностите беше на територијата на РС Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 810.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 1.067.617 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот се реализираше во периодот јуни – декември 2020 година, од персоналот/вработените во Здружението на финансиски работници на ЛС и ЈП и од 3 (три) национални експерти ангажирани на проектот.

Во рамките на проектните активности извршено е:

- анализа на донесените Уредби со законска сила, како резултат на што се изработи листа на релевантни уредби;
- анализа на постапувањето на ЕЛС во однос на финансирањето (обезбедени податоци по пат на телефонски разговори / прашалник преку google forms / комуникација со членови на здружението / финансиски работници вработени во ЕЛС); интернет истражување – посетени се сите веб страни од сите ЕЛС, изработен е преглед со најважни информации објавени во службени гласници и од интернет се превземени сите службени гласници релевантни на ова истражување;

- сите собрани информации беа предмет на сеопфатна анализа од ангажираните експерти. Како резултат на тоа, се изработи финална анализа на Македонски јазик, која е преведена и лекторирана на албански јазик;
- по преводот и лекторирањето на Македонски и Албански јазик, публикацијата е графички и технички обработена и поставена на веб страната на Здружението на финансиски работници;
- во текот на спроведувањето на проектот, добиени се 38 прашања, на кои дадовме одговор;
- ги следевме сите состојби во однос на финансирањето на ЕЛС, конструктивно учествувавме во давањето на коментари на Предлог законите (Предлог Закон за буџетите; Закон за даноците на имот; Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор), ги следевме исплатите на ниво на проект и навремено постапувавме за правилно и наменско користење на доделените средства.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Избор на експерти кои ќе бидат ангажирани на проектот | На веб страната и на Facebook профилот на ЗФР беше објавен оглас за ангажирање на експерти[1]. Во периодот на важење на огласот, се пријавија 7 експерти, од кои 1 ја повлече апликацијата. Беше направен избор на 3 експерти, со кои се склучија договори. | 07.07.2020 год. - 27.07.2020 год. | Извршен избор на 3 експерти<br>Склучени договори со експертите<br>Остварена првична комуникација со сите експерти |
| Анализа на Уредбите со законска сила донесени во текот на вонредната состојба | Персоналот на ЗФР, во текот на јули 2020 година изврши селектирање на оние уредби со законска сила кои се однесуваат на финансирањето на ЕЛС и изработи преглед на уредби со законска сила донесени од месец март до јуни 2020 година (Обработка на „Службен весник на РСМ“ од број 70/20 до 169/20). Овој преглед е доставен до избраните експерти на почетокот на август 2020 година. Потоа, експертите извршија увид во уредбите и нивна анализа, што беше основа за понатамошно спроведување на проектот. Персоналот на ЗФР изврши интернет пребарување на релевантни анализи од овој период, изработени од други институции и ги сподели со експертите. | јули – август 2020 година | Изработен преглед на Уредби со законска сила донесени од март до јуни 2020 година. Релевантни истражувања споделени со експертите |
| Анализа на состојбите со постапувањето на ЕЛС во однос на финансирањето – телефонско интервју | Тимот на ЗФР спроведе телефонски разговори со претставници на 8 ЕЛС од РСМ[2], во кои, во разговор со релевантни претставници на локалната власт, се добија информации како ЕЛС | јули – септември 2020 година | Добиени информации дека голем дел од општините извршиле ребаланси на буџетите и имаат |

[1] https://zfr.org.mk/obnoveno-povik-za-izbor-na-eksperti/
https://zfr.org.mk/povik-za-izbor-na-eksperti/
[2] Велес, Град Скопје, Чашка, Битола, Гостивар, Богданци, Македонска Каменица, Струмица

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| | постапувале во текот на вонредната состојба, кои мерки ги преземале и сл. | | проблеми со финансирањето на нивните надлежности. Следејќи ја актуелната состојба со Корона вирусот COVID 19, а во функција на безбедно обезбедување на потребните податоци и спречување на пренесувањето на вирусот, тимот за имплементација на проектот подготви два анкетни прашалници кои се поставени на платформата Google Forms. Едниот прашалник беше наменет за обезбедување информации за финансирањето на ЕЛС во текот на вонредната состојба. Вториот прашалник е наменет за обезбедување информации за начинот на спроведување на јавните набавки во текот на вонредната состојба. google прашалникот беше споделен со вработени од сите 81 ЕЛС и поддржувачи на ЗФР преку мејлинг листата на ЗФР.<br>Во периодот од 01.10.2020 година до 14.10.2020 година персоналот на Здружението достави електронски пораки до своите членови и вработени во областа на финансиите и јавните набавки. Дополнително, |

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| | | | оствари телефонски контакти со сите ЕЛС, во рамките на кои се обезбедија информации за постапувањето на ЕЛС во текот на вонредната состојба. Во рокот определен од експертите (14 дена), добиени се 67 Анкетни прашалници за Финансии и 28 Анкетни прашалници за Јавни набавки |
| Анализа на состојбите со постапување на ЕЛС во врска со финансирањето – интернет истражување | Персоналот на ЗФР во текот на јули и август ги посети сите веб страни и Facebook прифили на ЕЛС од РСМ. Активноста беше повторена и во септември 2020 година, кога се посетени веб страните на оние ЕЛС кои во првичното истражување беа неактивни. При тоа, се анализирани следните аспекти:<br>- Дали веб страната е функционална;<br>- Дали во периодот на траење на вонредната состојба (од 18.03.2020 до 23.06.2020 година) се одржани седници на општинскиот совет;<br>- Дали во овој период се објавени службени гласници;<br>- Дали се донесени одлуки кои влијаат на финансирањето на ЕЛС (ребаланси, квартални извештаи, измена на висината на комуналните такси, измена на висината на даноците на имот, дали примиле донација, дали имало измена на висината на износот кој се плаќа за во градинка, дали се изменил износот или начинот на плаќање на закупнина, дали се дадени донации), како и други аспекти кои се значајни за истражувањето;<br>- Персоналот на ЗФР ги преслуша снимките од советот на Општина Битола, кои беа достапни на веб страната на општината. | јули – септември 2020 | Од 81 ЕЛС, 36 ЕЛС не објавиле службени гласници. Од нив, веб страните на ЕЛС Петровец и на ЕЛС С. Нагоричане не функционираа, а на ЕЛС Липково функционира само на Албански јазик.<br>Од 45 ЕЛС кои објавиле Службени гласници, во периодот на траење на вонредната состојба:<br>- 28 ЕЛС објавиле дека имале измена во буџетот;<br>- 26 усвоиле квартални извештаи (иако немаа законска обврска за ова);<br>- 20 донеле одлука за измена на висина на комунални такси;<br>- 8 примиле донации;<br>- 6 го намалиле износот кој се плаќа во градинка;<br>- 8 ЕЛС го измениле начинот и висината на наплата на закупнина;<br>- 9 дале донации. |
| Анализирање на сите достапни информации | Експертски тим ангажиран од ЗФР изврши стручна и научна анализа на сите собрани податоци. Во текот на октомври и ноември тимот | август – ноември 2020 | На почетокот на август 2020 година усогласена е содржина на |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| | ангажиран на проектот продолжи со анализа на процесот на буџетирање, известување, наплата на приходите, дистрибуција на расходите по квартали во 2020 година, заклучно со трет квартал 2020 година, потоа анализа на јавните набавки, како и препораки за постапување на ЕЛС. Посебен осврт се даде на антикорупциска проверка на мерките и политиките кои се донесени во периодот на вонредната состојба, како и препорака за мерки кои ќе спречат корупција. | | Анализата, која се состои од следните главни делови:<br>-Резиме на главни наоди и препораки од спроведената анализа на политиките кои се однесуваат на финансирање на локалната власт;<br>-Вовед;<br>-Регулатива;<br>-Начин на работење на ЕЛС во услови на прогласена пандемија;<br>-Насоки, идни чекори, активности на ЕЛС во услови на пандемија;<br>-Ризици во услови на прогласена пандемија;<br>-Можности од појава на корупција;<br>-Препораки и насоки за идни мерки за спречување на коруптивно однесување во работењето на ЕЛС.<br>Сите податоци кои се обезбедени во текот на интернет истражувањето, интервјуата и повратните одговори по google forms прашалниците се сублимирани и вградени во посебните делови на Анализата. |
| Подготовка за печатење, онлајн издавање на публикацијата на Македонски јазик | во насока на спречување на ширењето на вирусот, публикацијата ја издадовме електронски и ја доставивме по електронска пошта до сите релевантни чинители (ЕЛС, членови и поддржувачи на ЗФР, донатори, претставници на власта и сл). Публикацијата е објавена на веб сајтот на ЗФР[3], нашиот Facebook профил и достапна за споделување од сите заинтересирани. Со цел достапност на | Декември 2020 | со цел подобар квалитет на текстот, пред графичката подготовка, публикацијата беше лекторирана на Македонски јазик и преведена и лекторирана на Албански јазик финалната публикација |

[3] https://zfr.org.mk/analiza-na-politikite-koi-se-odnesuvaat-na-finansirane-na-lokalnata-vlast/

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| | публикацијата до сите заинтересирани корисници, публикацијата беше преведена и лекторирана и на Албански јазик | | беше графички и технички обработена |
| Бесплатни консултации – | тимот на ЗФР и ангажираните експерти беа на располагање за одговори на прашања поврзани со финансирањето на ЕЛС и буџетски корисници | Јуни – декември 2020 година | Одговорени вкупно 38 прашања, односно по месеци: Јуни (од потпишување на договорот до 30.06.2020) 8, јули 8, септември 4, октомври 4, ноември 4, декември 10. |
| Подготовка на извештај за реализираните активности | ЗФР подготви два извештаи, согласно со пропишаното во договорот, во кои ги опфати сите реализирани активности и направени трошоци за нивна реализација. За оваа цел, навремено ги следеше спроведените активности и подготвуваше информации за вклучените во проектот | (јули – декември 2020 година) | Поднесен квартален извештај за периодот 20.06-30.09.2020 година, изработен и поднесен завршен извештај за реализираните активности во текот на спроведувањето на проектот (јуни – декември 2020 година) |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

При спроведување на проектот не се судривме со значителни проблеми. Сите активности се спроведени навремено, согласно временската рамка.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Избор на експерти кои ќе бидат ангажирани на проектот | 7 | / | https://zfr.org.mk/povik-za-izbor-na-eksperti/ https://zfr.org.mk/obnoveno-povik-za-izbor-na-eksperti/ |
| Објавен google прашалник за јавни набавки | Доставени прашалници до мејлинг листата на ЗФР, составена од повеќе од 500 контакти | 28 одговори | https://docs.google.com/forms/d/1mxKiRmD2kubvCw__X7Z2Fn3bDd2z29-kBZkousH6Q18/viewform?ts=5f71970e&edit_requested=true&fbzx=-6239466239895343363 |
| Објавен google прашалник за финансирање | Доставени до мејлинг листата на | 37 одговори | https://docs.google.com/forms/d/1qrPOA54VSA78hqNVMYZI4PkT_4LYUMJExV8bAvxPPlg/viewform?ts=5f719588&edit_requested=true |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЗФР, составена од повеќе од 500 контакти | | |
| Објавена Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт | | | https://zfr.org.mk/wp-content/uploads/2019/11/analiza_nvo.pdf<br><br>https://zfr.org.mk/wp-content/uploads/2019/11/analiza_alb.pdf |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Спроведувањето на проектот покажа дека институциите на централно и на локално ниво можат да ги подобрат активностите за брзо преструктуирање и реорганизирање на условите за извршување на работа во променети услови кога во државата е прогласена вонредна или кризна состојба. За оваа цел, потребно е да имаат на располагање соодветна информатичка опрема и обучен кадар, кој за кратко време ќе биде во можност да одговори на предизвиците на малку поразлична размена на информации и комуникација.

Поради променетиот режим на работа во услови на пандемијата, за надминување на произлезените проблеми, од исклучителна важност е прилагодување на постојните и воспоставување на нови политики и процедури за сите области од работењето на ЕЛС.

Главните заклучоци за констатирани слабости, насоки и препораки за идно делување се:

- Општините се уште не располагаат со доволно човечки и технички капацитет за извршување на работа од дома. Од друга страна, ваквиот начин на работа се појави како неопходен поради заштитата на здравјето на граѓаните. Од овие причини се укажа потребата од идни вложувања особено во делот на постепена дигитализација на информациите и податоците, документите и начинот на комуникација со граѓаните, како и други страни по електронски пат.
- Во периодот што следи, ЕЛС потребно е да започнат да размислуваат во оваа насока на реорганизација на работата во непредвидени ситуации, односно одвојување на доволно финансиски средства за набавка на потребна информатичка технологија, пропишување на процедури за начинот на давање на услуги на граѓаните од далечина, создавање и одложување на документите на електронски медиуми како и обезбедување на потребни финансиски средства за обука на вработените за нејзино користење.
- Во делот на буџетирањето и прибирањето на приходи, Министерството за финансии е еден од најзначајните актери во буџетскиот процес и доставувањето на инструкциите (буџетскиот циркулар) до градоначалникот на општина ја игра клучната улога во давањето инструкции за начинот на подготвување на буџетите како и постапката на донесување на поодделните програми со посебен осврт на Програмите за развој кои претставуваат повеќегодишен документ. Клучна активност која недостасува е отсуството на информации / податоци за висината на средствата за блок дотации, поради што општините се наоѓаат во состојба да го спроведуваат процесот на буџетирање без да имаат сознание за висината на блок дотациите. Со цел навремено и правилно планирање во иднина би требало овој недостаток да биде надминат, односно Министерството за финансии да ја достави и оваа информација во буџетскиот циркулар.
- Родово одговорното буџетирање претставува примена на интегрирање на родовата перспектива во буџетскиот процес. Тоа всушност е проценка на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси и врши преструктуирање на

приходите и расходите со цел да се промовира родовата рамноправност. Потребно е поголемо внимание на овој аспект.

- Во делот на Процесот на наплата на приходи (администрирање локални даноци и такси), по бројот на даночните обврзници, данокот на имот е најмасовниот вид на данок во Република Северна Македонија. Даноците на имот имаат слабости, кои во иднина треба да се надминат. Даночниот период е многу долг, цела една календарска година, што го прави еден од најбавните видови даноци. Се наметнува потреба од нивно ново законско уредување со формирање на фискален катастар и во исто време давање овластувања на Советот на општината за менаџирање со даночната политика во услови на пандемија, кризна / вонредна состојба.
- Отежнатото функционирање на граѓаните и на деловните субјекти во услови пандемија предизвика серија барања за даночни ослободувања и олеснувања. Сепак, за да можат да пристапат општините во пресрет на барањата, потребно е извршната власт да ѝ предложи на законодавната власт одредени измени и дополнувања на законските акти кои ја уредуваат областа на администрирање на локални даноци и такси со што ќе се обезбеди поголема автономија на локалната власт и можноста локалната власт да биде активен чинител во процесот на креирање на бизнис опкружувањето.
- Препораки во областа на јавните набавки, меѓу кои и:
    - Констатирана е придобивка од користењето на електронскиот систем за јавни набавки ЕСЈН
    - Потребно е континуирано да се унапредуваат моделите на договори за јавни набавки со вклучени одредби за начинот на постапување во време на вонредна и кризна состојба;
    - Навремено пролонгирање на постапките за набавка на градежни работи (вообичаено овие постапки се со поголема вредност), особено за оние постапки за кои извор на финансирање биле планирани средства од централниот буџет;
    - Можноста за групна набавка или централно тело за набавки. На овој начин значително може да се намалат оперативните трошоци на постапката бидејќи се избегнува преклопување на постапки за ист предмет на набавка од повеќе договорни органи.
- Во однос на справувањето со ризици и начинот на управување со ризици, дел од општините немаат подготвено и усвоено стратегија на ризици. Оваа стратегија може во голема мера да го подобри управувањето во ЕЛС.
- Утврдување на ризиците од корупцијата и анти коруптивните мерки кои се преземаат се на ниско односно незадоволително ниво. Непостоењето на политики за превенција од корупција укажува на нискиот степен на заинтересираност на менаџментот за навремено спречување и брзо справување со коруптивни однесувања. Ова покажува дека на локално ниво постои потреба во периодот што следи да се зголеми степенот на едукација од областа на превенција од корупција и анти коруптивни мерки со укажување на значајноста на сите ризици и последици доколку се случат коруптивни дејствија.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 330,000 | 547,368 | 330.000 денари од донацијата |
| **II. Оперативни трошоци** | 40,000 | 77,849 | 40.000 денари од донацијата |
| **III. Директни трошоци** | 440,000 | 442,400 | 440.000 денари од донацијата |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **810.000** | **1,067,617** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Прилози кон наративниот извештај:

1. Овластување од претседателката на ЗФР дадено на Зоран Јанкуловски
2. Постапка за избор на експерти
3. Листа на уредби
4. Бланко прашалници
5. Електронски пораки за достава на прашалници
6. Анализа на одговори на прашалниците
7. Други истражувања земени во предвид при изработка на анализата
8. Интернет истражување на објавени Службени гласници
9. Постапка за избор на преведувач и лектори
10. Финална верзија на анализата на МК и АЛБ
11. Прашања и одговори
12. Објави за проектот

Прилози кон финансискиот извештај:

1. За ставката човечки ресурси, за секоја исплата: пресметка за плата, декларација, налог, извод. Приложени Решенија за ангажман на проект и докази за вработување во ЗФР – основен договор и сите анекси кон него)
2. За ставката канцелариски трошоци:
   - За провизија прилог извод
   - За набавени канцелариски материјали прилог фактура, испратница, приемница, листа за проверка, налог за пренос, извод
   - За потрошена струја прилог: фактура, листа за проверка, налог за пренос, извод
3. За ставката телефон прилог: фактура, листа за проверка, налог за пренос, извод;
4. За ставката транспорт прилог: фактура, спецификација за патувањето, листа за проверка, налог за пренос, извод, налог за службено патување
5. За ставката директни трошоци прилози:
   - за секоја исплата кон физички лица: договор, рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на доход, налог, аконтативна пресметка од УЈП, извод,
   - За исплата кон правно лице: прилог фактура, листа за проверка, налог за пренос, извод

Зоран Јанкуловски
Велес, 29.01.2021 год. Извршен Директор

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

Здружение на финансиски работници на здруженија и јавни претпријатија Велес 2
М.П.

3. Јанкуловски
(Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија | | | |
| Наслов на проектот | Анализа на политиките кои се однесуваат на финансирањето на локалната власт | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 810000 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 810000 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | 0 | |
| проектен раководител | 180,000 | 180,000 | 0 | 0% |
| проектен асистент | 150,000 | 150,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| Вкупно за I | 330,000 | 330,000 | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | | | 0 | |
| Групен транспорт за целото траење на проектот | 10,000 | 10,000 | 0 | 0% |
| Канцелариски трошоци | | | 0 | |
| Канцелариски трошоци | 18,000 | 18,000 | 0 | 0% |
| Услуги | | | 0 | |
| | | | 0 | |
| Информации и комуникација | | | 0 | |
| Телефон | 12,000 | 12,000 | 0 | 0% |
| | | | 0 | |
| Вкупно за II | 40,000 | 40,000 | 0 | 0% |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 1. Анализа на Уредбите со законска сила донесени во текот на вонредната состојба (експертски денови) | 126,000 | 126,000 | 0 | 0% |
| Активност 2. Анализа на состојбите со постапувањето на ЕЛС во однос на финансирањето - интервјуа | 28,000 | 28,000 | 0 | 0% |
| Активност 3. Анализа на состојбите со постапување на ЕЛС во врска со финансирањето – интернет истражување | 56,000 | 56,000 | 0 | 0% |
| Активност 4. Анализирање на сите достапни информации | 91,000 | 91,000 | 0 | 0% |
| Активност 5. Подготовка за печатење, он лине издавање на публикацијата на Македонски јазик | 45,600 | 45,600 | 0 | 0% |
| Активност 5: Подготовка за печатење, он лине издавање на публикацијата Превод на Албански, лектура на Албански и лектура на Македонски | 93,400 | 93,400 | 0 | 0% |
| Вкупно за III | 440,000 | 440,000 | 0 | 0% |
| **ВКУПНО I + II + III** | 810,000 | 810,000 | 0 | 0% |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.